АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23.09.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3528 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по укажување;

2. **Субјект на надзорот:** Вториот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2);

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 август 2020 година, извадок од емисијата „Тик Так и Зорка“

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 септември 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор извршен по добиено укажување врз Вториот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), на државно ниво, поточно врз извадок од постаро издание на утринската емисија „Тик Так и Зорка“ кое е репризно емитувано на 4 август 2020 година, со почеток во 14 часот 30 минути и 40 секунди, **не се констатирани прекршувања на членот 61 (начела за вршење на дејноста) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во укажувањето испратено од страна на „група слушатели на Македонско радио, Радио 2“ се бара *„САНКЦИОНИРАЊЕ НА НЕСООДВЕТНИ АУДИО СУГЕСТИБИЛНИ СОДРЖИНИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЕТЕР!“*. Во дописот понатаму се вели: *„...Неразбирливо и недозволено е во денешно време водители на емисии да сугерираат било што, а во овој случај -* ***чипирање!!*** *Премногу самоуверено водителот на прашањето од водителката, дали ќе се чипира, ПРИСТАНУВА НА ТОА и до крај на емисијата да го фали чипувањето како одличен метод за неговиот склерозиран мозок кој ги заборава броевите на кредитните картички, Единствениот матичен број и ИКС други работи кои ќе ги слушнете“.* Подносителите на укажувањето дополнуваат дека: *„... Како прво, двоецот кој мисли дека интелектуално доминираат во секој поглед за секоја тема, го слушаат многу млади луѓе и деца. Тие млади души кои*

*допрва сами треба да си донесат став по многу работи во овој тежок живот од ваков тип на интелектуален водителски аматеризам, стануваат потенцијална граѓанска декаденца. Поради вакви суптилно фингирани и платени атакувања на свеста на слушателот се доведовме до дното. Не само ние кои ви укажуваме на ова девијација туку тука се и вашите деца и најмили. Никој нема право* ***НА ОВОЈ ПЕРФИДЕН НАЧИН*** *да сугерира нешто и ниту во еден момент да не се сети да се огради од изнесените лични размислувања, ако воопшто се лични?! Просечно интелигентен човек може да го препознае скриениот мотив на темата која гласи:* ***ЧИПИРАЈТЕ СЕ!***". На крајот, во дописот се вели: *„...Ве молиме да ја преслушате емисијата и да преземете директни и конкретни мерки кон водителите, за кои уште еднаш ќе цитираме: премногу самоуверено и безобразно атакуваат на слушателите, чипирањето (и други содржини) да го претставaт како шала, не е тоа ништо, сосем нормално и многу добро, па ете ви препорачуваме! Срамота која неможе да помине туку така, ве уверуваме во тоа"*.

Емитуваниот исечок, кој е предмет на укажувањето, е дел од постаро издание на редовната утринска емисија „Тик Так и Зорка" на Радио 2. Сервисот одлучил, за време на летните одмори на водителите, репризно да емитува „некои од најинтересните моменти". Жанровски, станува збор за содржина од забавен карактер во која, на начин карактеристичен за овој жанр, водителот и водителката коментираат одредена тема со цел да ги забавуваат слушателите.

Увидот во вестите објавени во останатите медиуми, покажува дека водителите во својот разговор алудираат на вест во која се вели дека во Шведска се чипирани над 4000 луѓе, и дека со овој чип „носителите може да плаќаат авионски и билети во воз или да отвораат врати со електронска брава. Луѓето со био чип може да вршат наплата и во продавници, како и да извадат пари од банка. Во последно време, чипови вградуваат и болни луѓе низ целиот свет". [1]

Имено, на самиот почеток, водителот наведува: *„Јас го видов договорот што Бил Гејтс го нуди за оние што сакаат доброволно да се чипираат. Значи, такви услови не се пропуштаат. Јас... Побарајте си, видете си, феноменални услови. Толку добри што во Шведска парче се праи со тоа чипирањето"*. Овој исказ е дополнет од страна на водителката, со следното објаснување: *„Да, во Шведска повеќе од 3000 луѓе се доброволно чипирани, а како следни се наведуваат Италијанците. Една компанија на која што името нема да ѝ го кажам за да не ја рекламирам, успешно го спровела проектот за вградување на поткожни чипови во Шведска. Дури 3000 луѓе се одлучиле за вградување. Ме интересира, кај нас да треба да се бараат доброволци за чипирање, дали ќе се пријавиш?"*.

Во членот 61 (начела за вршење на дејноста) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во алинеја 9 се вели дека радиодифузерите при вршењето на должноста треба да го почитуваат начелото за „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања".

Во тој контекст, во натамошниот разговор помеѓу водителите се прикажани различните гледишта и мислења за конкретната тема, а со тоа на публиката ѝ е овозможено слободно да го оформи мислењето по овие прашања. Различните гледишта и мислења на водителите може да се согледаат во следните исечоци од нивните обраќања:

---

[1] Линк до целосната вест: https://kanal5.com.mk/chipirani-se-nad-4000-lugje-samo-vo-shvedska-no-toa-e-samo-pochetok-video/a384195.

Тик Так: *„Прво, сите лозинки и пасворди кои што ги памтам, ги запишувам некаде, ќе бидат во чипот. Второ, нема да се замарам да носам лични карти, банкарски картички и мобилен телефон, сè ми е у чипот. Сакаш пари од банкомат? Штрак, скенирај го чипот, ќе ти плукне пари. Сакаш да се јавиш негде? Чипот на уво: „Ало, ало, Зорке добра ли си?“ –„Добра сум“. Сакаш да се логираш негде? Чекај, треба голема буква, мала буква, шест бројки, запирка, ваква заграда – таква заграда. Штрак чипот, чипот сè си памти. Мислам дека ќе не затупи уште повеќе од тоа што сме. Ја памтам кога бев дете, мемориравме телефонски броеви: 236-009 – првиот телефонски број што го имав дома. Пред 35 години, уште го памтам. Сега, па ја мојот мобилен број не си го знам“.*

...

Зорка: *„Всушност, како да сакаш да ми кажеш дека ќе ги поедноставни дел од работите, меѓутоа за другите работи ќе биде многу покомплицирано. Затоа што она што мене пак ме плаши во целата ситуација, не ме плаши тоа што ќе бидам чипирана ни најмалку. Чипирани сме ние од раѓање чим сме во Македонија. Туку, муабетот ми е во врска со чипирањето, дали ќе може, како што на пример, ти провалуваат Фејсбук акаунт, да ти го провалат чипот?“*

Тик Так: *„Да... Е тогаш цел живот ќе ти отиде „фу – фууу“, довидување – пријатно“.*

Зорка: *„Е тоа ме плаши само. Ако сум сигурна дека нема да има начин како да ти го хакнат чипот и јас прва би отишла таму на ред да се чипирам. Друг ми е муабетот, дали ќе има...“*

Тик Так: *„Чипот ќе го заштитиш со „хекса – хубер – трубер – убер – луберн – џухма“ децимален пасворд кој што ќе мора да има минимум 68 карактери, од кои што 24 може да бидат букви, останатите комбинација на бројки и големи“.*

...

Тик Так: *„Цел живот внатре во чип. После тоа, кога телото ќе ти истече, чипот земи го, „т’к“ кај друг човек. Ти си новата Зорка, „дн’г – дн’г““.*

Зорка: *„Сè она што сме гледале по филмови полека полека ќе ни стане реалност“.*

***

Преку посочените поенти, водителот и водителката на емисијата, на забавен начин претставуваат повеќе аспекти од темата за која говорат, односно наведуваат и можни придобивки како и проблеми и опасности со кои човештвото би можело да се соочи во врска со чипирањето. На таков начин, овозможуваат различни гледишта на темата, преку кои можат да ги поттикнат слушателите да размислуваат за неа и да донесат сопствени ставови во врска со чипирањето. Оттука произлегува дека водителите во емисијата „Тик Так и Зорка“ која е предмет на оваа анализа не сугерираат чипирање, туку овозможуваат дискусија на оваа сензитивна тема. Притоа, начинот на којшто се одвива дијалогот меѓу нив – со неформални изрази, лесен тон и досетки, е очекуван со оглед на тоа што станува збор за емисија со забавна функција, односно може да се оцени дека е во согласност со очекувањата на публиката којашто слуша забавна емисија.

Сепак, имајќи предвид дека станува збор за сензитивна тема којашто задира во приватноста на луѓето, новинар(к)ите и водител(к)ите треба при разработката на ваквиот тип прашања да водат сметка за начините на кои можат да се протолкуваат нивните изјави, дури и во емисиите од забавен карактер. Впрочем, од толкувањето на нивните изјави зависи и влијанието кое тие имаат можност да го извршат врз нивните слушатели, и тоа на сериозни општествени теми. Во оваа смисла, треба да бидат особено внимателни при коментирањето на информациите и вестите да обезбедат соодветен контекст, односно тие да бидат пренесени во целост, и со точни референци од изворите на информациите, со што на слушателите ќе им овозможат целосен увид во темите за кои се разговара во програмските целини.

Исто така, во алинеја 2 од членот 61 (начела за вршење на дејноста) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е пропишано дека радиодифузерите при вршењето на дејноста треба да водат сметка за „еднаквоста на слободите и правата независно од полот...". Во овој контекст треба да се разгледува и делот од емисијата во којшто зборуваат за тоа какво влијание би можело чипирањето да има врз односите меѓу мажите и жените, при што велат:

Зорка: *„Добро, и друг момент, дали ќе има некакви опции, на пример вака (свирка, н.з.) кога ќе направиш, жена ти одма да скокне?"*

Тик Так: *„Ако е чипирана, да."*

Зорка: *„Пошто вака обично ќе ја пуштиш жената на шопинг или на фризер и не знаеш кај е, вака со чипот одма. По дома... (свирка, н.з.) Е така..."*

Тик Так: *„И одма реагира чипот. И тука може да се регулира, дали да прати СМС порака, па на трета СМС порака дали да почне да вибрира телефонот... Па на шест пропуштени вибрации..."*

Зорка: *"... па да видиш каде е, кај се има задржано, во кој дуќан да ја бараш. Добра опција е тоа."*

Новинар(к)ите и водител(к)ите, и во забавните емисии треба да внимаваат нивните коментари да не се приближуваат до дискриминаторски изјави.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***